РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ДРЖАВЕН АРХИВ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Бр. 03-2095/1
11-07- 2018 год
СКОПЈЕ

**Наративен извештај за јуни 2018 година**

**Канцеларија на директорот на Државниот архив на Република Македонија, г. Кирил Петров**

1. На 4 и 5 јуни 2018 г., директорот на Државниот архив на Република Македонија, г-дин Кирил Петров, на покана на Државната агенција „Архиви" на Република Бугарија учествуваше на 37-та Конференција на Европскиот одбор на Националните архивисти, која се одржа во Конференцискиот центар „Бојана" во Софија, Република Бугарија.

Европскиот одбор на националните архивисти (European Board of National Archivists - EBNA), на директорите на националните архиви од Европската Унија им обезбедува форум за размена на искуствата од нивното работење, а во исто време дава можност за зголемување на соработката помеѓу институциите одговорни за чување на историјата на народите од Европа.

Состанокот на Европскиот одбор на националните архивисти се одржува секој шест месеци, а организаторите се менуваат со ротирањето на Претседателството со Советот на Европската Унија.

Државната агенција на „Архивите" на Република Бугарија во рамките на Претседателството на Република Бугарија со Советот на Европската Унија во првото шестомесечје од 2018 година беше организатор на 37-та Конференција на Европскиот одбор на националните архивисти, на која присуствуваа директорите на националните архиви од скоро сите земји членки на Европската Унија, освен од Португалија, Грција и Кипар. На оваа Конференција покрај директорите од земјите членки на Европската Унија присуствуваа и директорите на Архивот на Босна и Херцеговина, Генералната дирекција на архивите на Албанија, Државната агенција на архивите на Косово и директорот на Државниот архив на Република Македонија.

На Конференцијата се разгледуваа актуелни теми, како што е заштитата на податоците, дигитализацијата, конзервацијата и реставрацијата на архивскиот материјал.

Во Софија, за време на Конференцијата на Европскиот одбор на националните архивисти, директорот на Државниот архив на Република Македонија, г-дин Кирил Петров, оствари средби со г-ѓа Дебора Џенкинс, претседател на Извршниот одбор на Европскиот огранок на Меѓународниот архивски совет, со г-дин Јоан Драган, директор на Националниот архив на Романија, како и повеќе неформални средби со директорите од останатите национални архиви од Европската Унија.

2. На 13 и 14 јуни 2018 година, директорот на Државниот архив на Република Македонија, г. Кирил Петров, на покана на Историскиот архив во Пожаревац од Република Србија учествуваше на Меѓународна конференција на тема: „Архивите во третиот милениум - вечни извори за историјата", која се одржа во Пожаревац.

Оваа конференција беше организирана по повод 70 години од постоењето на Историскиот архив во Пожаревац и 7 години од првиот број на националното научно списание „Записи" - годишно издание на Историскиот архив во Пожаревац.

На конференцијата учествуваа претставници од државните и од регионалните архиви од територијата на поранешна СФРЈ, а темите беа групирани во две сесии, односно 4 дела, под наслов: „Заштита и промоција на културното наследство“ и „Зачувана историја - темел за иднината“.

На отворањето на изложбата обраќања имаа: организаторот, д-р Јасмина Николиќ, директор на Историскиот архив во Пожаревац; Бојан Илиќ, градоначалник на Пожаревац; Саша Клепиќ, директор на Архивот на Босна и Херцеговина; Кирил Петров, директор на Државниот архив на Република Македонија; д-р Живана Хеџбели, директор на Државниот архив на град Загреб; д-р Маријана Мраовиќ од Воениот архив при Министерството за одбрана на Република Србија и проф. д-р Ивана Крстиќ Мистрицеловиќ од Криминалистичко-полициската академија во Белград, Република Србија.

На оваа Конференција Државниот архив на Република Македонија, учествуваше со соодветен реферат за проблемите од архивистиката, а член од делегацијата на Архивот учествуваше во работното претседателство на една од работните сесии.

**Скопје, 11 јули 2018 г.**

**Директор,**

**Кирил Петров**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ДРЖАВЕН АРХИВ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ

Име на институција: ДАРМ
Име на носител на јавна функција: Кирил Петров директор
Датум на стапување на функција: 27.06.2017

| Број трошок | Тип на трошок | Јуни 2018 | Јули 2018 | Август 2018 | Септември 2018 | Октомври 2018 | Ноември 2018 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | |
| 001 | Јавен превоз | | | | | | |
| 002 | Изнајмување на моторни возила во странство | | | | | | |
| 003 | Такси превоз | | | | | | |
| 004 | Авионски карти | | | | | | |
| 005 | Вип салони на аеродроми | | | | | | |
| 006 | Закуп на сали и канцелариски простор | | | | | | |
| 007 | Закуп на канцелариска опрема | | | | | | |
| 008 | Закуп на стан (за лица кои живеат надвор од Скопје) | | | | | | |
| 009 | Хотелско сместување во земјата | | | | | | |
| 010 | Хотелско сместување во странство | 6182 | | | | | |
| 011 | Угостителски услуги преку мензи, ресторани и бифеа во рамки на институциите | 2700 | | | | | |
| 012 | Угостителски услуги во земјата преку надворешни угостителски објекти | | | | | | |
| 013 | Угостителски услуги во странство | | | | | | |
| 014 | Трошоци за мобилен телефон | 1635 | | | | | |
| 015 | Дневници при патување во странство | 11746 | | | | | |
| 016 | Подароци подарени на службени лица или меѓународни организации, дадени за време на официјални посети, гостување или во други околности | 1284 | | | | | |

Име на институција: ДАРМ
Име на носител на јавна функција: Музафер Бислими зам.директор
Датум на стапување на функција: 02.11.2016

| Број трошок | Тип на трошок | Јуни 2018 | Јули 2018 | Август 2018 | Септември 2018 | Октомври 2018 | Ноември 2018 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | |
| 001 | Јавен превоз | | | | | | |
| 002 | Изнајмување на моторни возила во странство | | | | | | |
| 003 | Такси превоз | | | | | | |
| 004 | Авионски карти | | | | | | |
| 005 | Вип салони на аеродроми | | | | | | |
| 006 | Закуп на сали и канцелариски простор | | | | | | |
| 007 | Закуп на канцелариска опрема | | | | | | |
| 008 | Закуп на стан (за лица кои живеат надвор од Скопје) | | | | | | |
| 009 | Хотелско сместување во земјата | | | | | | |
| 010 | Хотелско сместување во странство | | | | | | |
| 011 | Угостителски услуги преку мензи, ресторани и бифеа во рамки на институциите | | | | | | |
| 012 | Угостителски услуги во земјата преку надворешни угостителски објекти | 1400 | | | | | |
| 013 | Угостителски услуги во странство | | | | | | |
| 014 | Трошоци за мобилен телефон | 1497 | | | | | |
| 015 | Дневници при патување во странство | 2844 | | | | | |
| 016 | Подароци подарени на службени лица или меѓународни организации, дадени за време на официјални посети, гостување или во други околности | | | | | | |